# Употреба на предефинирани пакети/шаблони на лабораториски анализи

Со цел унапредување на начинот на работа во Прима Медика-лабораторија и поедноставување и минимизирање на операциите при евидентирање на анализи за пациенти кои не се со ЛУ упат (бидејќи во тој случај анализите се преземаат директно од Мој Термин), воведена е нова опција Предефинирани пакети/шаблони, со која на лабораториите им се дава можност да извршат предефинирање на одредени групи на анализи – шаблони, кои вообичаено се извршуваат за одредени пациенти и кои потоа со едноставен избор на шаблонот би се евидентирале како избрани анализи за пациентот.

Опцијата зЅа дефиниција на шаблоните се наоѓа во менито Шифрарници-Анализи-Предефинирани пакети/шаблон. (слика 1)




Слика 1

За креирање на предефинираниот шаблон, кликаме на копчето F5 од тастатура. Полињата шифра и назив се пополнуваат соодветно со називот на предефинираниот шаблон. Во полето Листа на анализи во лабораторија, се дефинирани сите анализи кои што се внесени во шифрарникот со анализи во лабораторијата. За да го предефинираме шаблонот со избраните анализи, кликаме двоен клик на посакуваната анализа од формата со анализи во лабораторија. Во тој случај анализата се префрлува во формата Избрани

анализи во пакет/шаблон. Доколку сакате да се избришат анализите од формата за Избрани анализи во пакет/шаблон, кликаме двоен клик на анализата. (слика 2)




Слика2

Откако шаблонот ќе биде предефиниран, може да го користиме во формата резултати од испитувања. За избор на предефинираниот шаблон кликаме на копчето Предефинирани шаблони. Со овој избор ни се прикажуваат сите шаблони кои што ги имаме креирано, според називот и шифрата кои што ги имаме доделено. За избор на потребниот шаблон и приказ на одбрани испитувања за пациентот, кликаме двоен клик на предефинираниот шаблон. Во тој случај, анализите кои што се доделени во предефинираниот шаблон, се прикажуваат во формата Одбрани испитувања за пациентот. (Слика 3)



Слика3